# ВОДИЧ
# ЗА НИШТЕЊЕ ПОДАТОЦИ СОБРАНИ СО ПОСЕБНИ ИСТРАЖНИ МЕРКИ

# ВОДИЧ
# ЗА НИШТЕЊЕ ПОДАТОЦИ СОБРАНИ СО ПОСЕБНИ ИСТРАЖНИ МЕРКИ

*Скопје 2024*

# ВОДИЧ ЗА НИШТЕЊЕ ПОДАТОЦИ СОБРАНИ СО ПОСЕБНИ ИСТРАЖНИ МЕРКИ

Автори:

Цветанка Периќ, м-р Даниела Димовска, Сандра Крстиќ, Пајазит Пајазити, м-р Ненад Савески, Ермон Незири, Наташа Сарамандова, м-р Верица Бержецка Крстева, Енѓелуше Леши Кадриу, Гаврил Бубевски, Спасенка Андонова, Александар Најденов, д-р Зафирчо Панчев, Снежана Петровиќ Арсовска, Горан Пејкоски, проф. д-р Богданчо Гогов, проф. д-р Гордан Калајџиев, проф. д-р Билјана Каровска Андоновска, м-р Александар Тумановски, д-р Кире Бабаноски, Гент Салихи

Асистенција на процесот за развивање на Водичот од страна на ДЦАФ:

д-р Кире Бабаноски - координатор
Гент Салихи - поддршка

Издавач:

DCAF Geneva Centre for Security Sector Governance

©DCAF, 2024
All rights reserved
DCAF – Geneva Center for Security Sector Governance
Maison de la Paix
Chemin Eugène-Rigot 2E, CH1202- Geneva, Switzerland

©ДЦАФ, 2024
Сите права се задржани
ДЦАФ – Центар за управување со безбедносниот сектор – Женева – Подружница Скопје
ул. Македонија бр. 1000 ,2/1-11 Скопје, Република Северна Македонија

Водичот беше развиен низ работилниците организирани во рамките на ***Програмата за реформа на разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија***, спроведувана од ДЦАФ – Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор и финансиски поддржана од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), Министерството за надворешни работи на Холандија и Шведската агенција за меѓународен развој (Сида). Програмата меѓудругото, помага на правосудните институции и правните практичари за јакнење на нивните капацитети и експертиза потребни за доследно спроведување на процесот на барање и судско одобрување на посебните истражни мерки.

Содржината на оваа публикација не ги изразува ставовите и мислењата на донаторите или на ДЦАФ.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Sweden Sverige

Kingdom of the Netherlands

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

343.132(497.7)(083.76)(036)
343.985(497.7)(083.76)(036)

ВОДИЧ за ништење податоци собрани со посебни истражни мерки [Електронски извор] / [автори Цветанка Периќ ... и др.]. - Скопје : ДЦАФ Центар за управување со безбедносниот сектор – Женева, 2024

Начин на пристапување (URL):
http://www.sud.mk/wps/portal/osskopje1/sud/publikacii/strucni-dela/!ut/p/z1/pZHLbsIwEEW_pYssmxlUCKY7U2h4pA8VTMJsUECuiZTEyD-jN7xdCN5WoUwnvbNozPjMDBAlQmX5lKrWZLtP8dF9TsBngKOgMnzB6m_cZ8hcxjkQ4nSonCHETCMJuF9kcI7b4GCIfY58tBxzDZwRy8LoOrICAdpUx-srSwtqaSPyUdDN2gxF57bUoXHv84HP_HOwTJXT4-j6TFoAm4WnQFzmuZAalcby8r5uX2gSkgIz-lkcavzOl5b-3h-Oihh3Vd-oprlUt_pwsPryF7fbSQ_E7Cp-PmnVcQ9zkMhinshRILZexEzy6bq7hsbOJ8J/dz/d5/L2dBISEvZ0FBIS9nQSEh/?current=true.
x

- Текст во ПДФ формат, 59 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. -
Опис на изворот на ден 02.12.2024. - Други автори: Даниела Димовска, Сандра Крстиќ, Пајазит Пајазити, Ненад Савески, Ермон Незири, Наташа Сарамандова, Верица Бержецка Крстева, Енѓелуше Леши Кадриу, Гаврил Бубевски, Спасенка Андонова, Александар Најденов, Зафирчо Панчев, Снежана Петровиќ Арсовска, Горан Пејкоски, Богданчо Гогов, Гордан Калајџиев, Билјана Каровска Андоновска, Александар Тумановски, Кире Бабаноски, Гент Салихи

ISBN 978-608-5046-03-4

1. Периќ, Цветанка [автор] 2. Димовска, Даниела [автор] 3. Крстиќ, Сандра [автор] 4. Пајазити, Пајазит [автор] 5. Савески, Ненад [автор] 6. Незири, Ермон [автор] 7. Сарамандова, Наташа [автор] 8. Бержецка Крстева, Верица [автор] 9. Леши Кадриу, Енѓелуше [автор] 10. Бубевски, Гаврил [автор] 11. Андонова, Спасенка [автор] 12. Најденов, Александар [автор] 13. Панчев, Зафирчо [автор] 14. Петровиќ Арсовска, Снежана [автор] 15. Пејкоски, Горан [автор] 16. Гогов, Богданчо [автор] 17. Калајџиев, Гордан [автор] 18. Каровска Андоновска, Билјана [автор] 19. Тумановски, Александар [автор] 20. Бабаноски, Кире [автор] 21. Салихи, Гент [автор]
а) Посебни истражни мерки -- Ништење на податоци -- Македонија --
Обрасци -- Водичи

COBISS.MK-ID 64838149

# ПРЕДГОВОР

Процедурите за чување и ништење податоци собрани со посебни истражни мерки (ПИМ) во овој Водич беа концептуализирани и развиени низ серија практични работилници организирани од ДЦАФ – Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор од јуни 2023 година до јули 2024 година. Водичот беше развиен на барање на Основниот кривичен суд од Скопје, согласно препораките дадени од Агенцијата за заштита на лични податоци во рамките на спроведените супервизии од областа на следењето на комуникациите.

Учесниците во работилниците кои активно придонесоа во развивањето на Водичот се: Цветанка Периќ, судија од Врховниот суд на Република Северна Македонија; м-р Даниела Димовска, Сандра Крстиќ, Пајазит Пајазити и м-р Ненад Савески, судии од Основниот кривичен суд во Скопје; Ермон Незири, јавен обвинител – член на Советот за јавни обвинители; Наташа Сарамандова, јавен обвинител од Вишото јавно обвинителство Скопје; м-р Верица Бержецка Крстева и Енѓелуше Леши Кадриу, јавни обвинители од Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција; Гаврил Бубевски, основен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Скопје; Спасенка Андонова, јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Скопје; Александар Најденов, д-р Зафирчо Панчев, Снежана Петровиќ Арсовска и Горан Пејкоски, од Министерството за внатрешни работи; д-р Богданчо Гогов, д-р Гордан Калајџиев, д-р Билјана Каровска Андоновска, универзитетски професори; м-р Александар Тумановски, од Адвокатската комора на Република Северна Македонија, како и претставници од Министерството за правда, Агенцијата за заштита на лични податоци; Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации; и од Државниот архив на Република Северна Македонија.

Овој документ е резултат на заеднички напор на сите учесници. За време на спомenatите работилници, правните практичари и експертите ги дискутираа воспоставените меѓународни стандарди за чување и ништење податоци собрани со ПИМ, го анализираа процесот на собирање, документирање и чување на ваквите податоци, ги мапираа институциите (организациските единици) кои спроведуваат ПИМ и продуцираат податоци и го определија форматот во кој се продуцираат/чуваат податоците и нивните специфичности. Воедно ги анализираа случаите во кои податоците собрани со ПИМ се ништат, ги идентификуваа предизвиците, пречките и ограничувањата (законски, процедурални, човечки, технички, просторни итн) кои го спречуваат складирањето и ништењето на ваквите податоци, ги определија лицата/субјектите кои треба да бидат вклучени во процесот на ништење и ги утврдија нивните улоги, должности, обврски и задачи.

Исто така, учесниците детално ги анализираа законските обврски/барања и рокови за чување податоци (согласно кривично-процесното законодавство, вклучително и законодавството за следење на комуникациите, заштитата на личните податоци, безбедноста на класифицирани информации, стандардите за архивско работење итн). Притоа, заеднички ги одлучија целите и содржината на овој документ и воспоставија методологија за елаборација на текстот, па започнаа со утврдување и драфтирање на процедурите за чување и ништење на ваквите податоци. Текстот беше финализиран низ партиципативен процес, при што беше споделен со релевантните институции за кои е наменет (основните судови со проширена надлежност, апелационите судови и Врховниот суд, основните и вишите јавни обвинителства, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и останатите релевантни државни институции) за запознавање со неговата содржина и добивање препораки и предлози кои придонесоа за прилагодувања на неговата крајна содржина.

# СОДРЖИНА


**КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ . . . . . . . . . . 9**

**ВОВЕД . . . . . . . . . . 10**

**ПРОЦЕДУРИ ЗА НИШТЕЊЕ ПОДАТОЦИ СОБРАНИ СО ПОСЕБНИ ИСТРАЖНИ МЕРКИ . . . . . . . . . . 14**

**НИШТЕЊЕ СОГЛАСНО ЧЛ. 261, СТ. 2 ОД ЗКП НА ПОДАТОЦИ СОБРАНИ СО ПИМ ВО ПРЕДИСТРАЖНА ПОСТАПКА ОД ЧЛ. 252, СТ. 1, Т. 6-12 ОД ЗКП . . . . . . . . . . 14**

Шематски приказ . . . . . . . . . . **17**

**ПРИЛОЗИ**

Образец бр. 1.1 – Барање од јавниот обвинител за ништење податоци собрани со посебни истражни мерки од чл. 252, ст. 1, т. 6-12 од ЗКП во предистражна постапка до јавниот обвинител на Основно јавно обвинителство . . . . . . . . . . **18**

Образец бр. 1.2 – Известување од основен јавен обвинител за ништење податоци собрани со посебни истражни мерки од чл. 252 ст. 1, т. 6-12 од ЗКП во предистражна постапка до претседателот на судот . . . . . . . . . . **20**

Образец бр. 1.3 – Одлука од претседателот на судот за определување судија за вршење надзор при ништење податоци собрани со посебни истражни мерки . . . . . . . . . . **21**

Образец бр. 1.4 – Пописна листа за уништени документи со степен на класификациј . . . . . . . . . . **22**

Образец бр. 1.5 – Записник за извршено ништење податоци собрани со посебни истражни мерки од чл. 252, ст. 1, т. 6-12 од ЗКП во предистражна постапка . . . . . . . . . . **23**

**НИШТЕЊЕ ПО БАРАЊЕ НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ ЗА ПИМ ОД ЧЛ. 252, СТ. 1, Т. 1-5 ОД ЗКП ВО ПРЕДИСТРАЖНА ПОСТАПКА И ЗА ПИМ ОД ЧЛ. 252, СТ. 1, Т. 1-12 ОД ЗКП ВО ИСТРАЖНА ПОСТАПКА . . . . . . . . . . 24**

Шематски приказ . . . . . . . . . . **28**

**ПРИЛОЗИ**

Образец бр. 2.1 – Барање од јавниот обвинител за отпочнување на постапка за доставување на податоци собрани со ПИМ за ништење до Основниот суд . . . . . . . . . . **29**

Образец бр. 2.2 – Попис на материјалот за уништување . . . . . . . . . . **31**

Образец бр. 2.3 – Преглед на лица коишто пристапиле до класифицирани информации со степен ДТ или СД . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **32**
Образец бр. 2.4 – Барање до претседателот на судот за определување судија на претходна постапка, согласно чл. 267-а, ст. 6 од ЗКП . . . . . . . . . . **33**
Образец бр. 2.5 – Решение на Претседателот на судот за определување на судија согласно чл. 267-а, ст. 7 од ЗКП . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **35**
Образец бр. 2.6 – Решение за ништење податоци собрани со посебни истражни мерки донесено од страна на определениот судија на претходна посстапка, согласно чл. 267-а, ст. 5 од ЗКП . . . . . . . . . . . . . . . . **37**
Образец бр. 2.7 – Пописна листа за уништени документи со степен на класификација . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **39**
Образец бр. 2.8 – Извештај за извршено ништење податоци собрани со посебни истражни мерки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **40**

**НИШТЕЊЕ ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ ОД СТРАНА НА СУДОТ . . . . . . . . . 41**
Шематски приказ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **44**

**ПРИЛОЗИ**
Образец бр. 3.1 – Барање од судијата за ништење податоци собрани со посебни истражни мерки до претседателот на судот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **45**
Образец бр. 3.2 – Попис на материјалот за уништување . . . . . . . . . . . . . . . . . **46**
Образец бр. 3.3 – Преглед на лица коишто пристапиле до класифицирани информации со степен ДТ или СД . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **47**
Образец бр. 3.4 – Одлука од претседателот на судот за определување судија за ништење податоци собрани со посебни истражни мерки . . . . . . **48**
Образец бр. 3.5 – Решение за ништење податоци собрани со посебни истражни мерки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **49**
Образец бр. 3.6 – Пописна листа за уништени документи со степен на класификација . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **50**
Образец бр. 3.7 – Извештај / Записник за извршено ништење податоци собрани со посебни истражни мерки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **51**

# КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АНБ | Агенција за национална безбедност |
| Бр. | број |
| Д | доверливо |
| ДТ | државна тајна |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| ЗКП | Закон за кривичната постапка, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 2016/142 ,2012/100 ,2010/150 и 2018/198, Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 2016/2 од 28.09.2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 2016/193 |
| ЗСК | Закон за следење на комуникациите, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 2018/71 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 2019/108 и 2023/154 |
| И | интерно |
| ЈО | јавен обвинител |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| мм | милиметри |
| ОЈО | Основно јавно обвинителство |
| ОТА | Оперативно-техничка агенција |
| ОУ | за ограничена употреба |
| ПИМ | посебни истражни мерки |
| СД | строго доверливо |
| СПП | судија на претходна постапка |
| ст. | став |
| т. | точка |
| УБК | Управа за безбедност и контраразузнавање |
| чл. | член |

# ВОВЕД

Идејата за креирање **Водич за ништење податоци собрани со посебни истражни мерки** произлезе од потребата да се утврдат прецизни насоки кои подетално ќе го уредат процесот на ништење на материјалите од спроведените ПИМ. Поради нивната содржинска и персонална неселективност, податоците содржани во овие материјали вообичаено навлегуваат во приватноста, не само на личноста кон која се насочени, туку и кон лицата од нејзиното приватно или професионално опкружување. Од овие причини, прашањето за ништење го сметаме за исклучително важно независно дали се ништат откако целта на нивното собирање е постигната (послужиле како доказ во кривичната постапка) или поради тоа што тие податоци немаат значење за водење на постапката. И во двата случаи станува збор за податоци кои евентуално би можеле да претставуваат потенцијална опасност во смисла на можни злоупотреби, доколку истите не се третираат со должно внимание. Нивното ништење претставува законска обврска поврзана со конкретни временски рокови.

Во македонското кривично-процесно законодавство ПИМ беа воведени во декември 2004 година со **Законот за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка од 2004 година** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 74/2004). Нивната примена во пракса започна во 2005 година со тенденција на зголемување во 2008 година, кога започна и примената на мерката која опфаќа следење на комуникации, а за која условите и постапката се утврдени во посебен **Закон за следење на комуникациите** кој беше донесен во 2006 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/2006). И покрај тоа што овие закони содржеа одредени нормативи за ништење на податоците собрани со примена на ПИМ, сепак истите не беа доволна основа во пракса да се спроведе ништењето без притоа да се искристализираат јасни насоки во однос на постапката и начинот за спроведување. Оттука, креирањето на практичен водич за ништење на овие податоци е своевиден храбар подвиг. За комплексноста на оваа проблематика придонесува и обврската за детална анализа и прецизно вградување на регулативите и стандардите за заштита на лични податоци, ракување и ништење на класифицирани информации (во случаите кога собраниот материјал е класифициран) и процедурите за работење со документарен или архивски материјал.

Актуелниот **Закон за кривична постапка** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018, Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 2/2016 од 28.09.2016, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 193/2016) и Закон за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/2019

и 154/2023) содржат нормативи со кои е уредена оваа проблематика при што употребениот термин „ништење на податоци собрани со посебните истражни мерки" се однесува на ништење на собраните податоци од ПИМ (кои произлегле со отпочнатата постапка по издадената наредба) во хартиена форма и во форма на технички запис. Од друга страна, термините „бришење или уништување" употребени во чл. 267 од ЗКП се однесуваат на посебната истражна мерка од чл. 252, ст. 1 т. 5 „автоматско, или на друг начин, пребарување и споредување на личните податоци" и се однесуваат само на личните податоци кои биле предмет на оваа ПИМ.

Кристализирањето на овие одредби низ содржина на посебен документ во форма на практичен Водич се наметна како неопходно поради потребата прецизно да се диференцираат различните ситуации, кои законот ги издвојува, но и да се стават во контекст на сите евентуални консеквенции кои можат да произлезат во пракса. Имено, одредбите од актуелниот ЗКП со кои е регулирана оваа проблематика се содржани во чл. 261 и 267-а. Меѓутоа, при деталната разработка на наведените одредби констатирани се одредени неконзистентности кои се подетално разработени во текстот на овој Водич.

Впрочем, со одредбите од чл. 261 и чл. 267-а од ЗКП се предвидени три постапки за ништење на податоците собрани со ПИМ и тоа за:

**1.** Податоци собрани со ПИМ од чл. 252 ст. 1, од т. 6-12 од ЗКП во предистражна постапка, при чие ништење се применува чл. 261 ст. 2 од ЗКП;

**2.** Податоци собрани со ПИМ согласно чл. 252 ст. 1 т. 1-5 од ЗКП во предистражна постапка, и согласно чл. 252 ст. 1, т. 1-12 од ЗКП во истражна постапка – по донесена наредба за спроведување истрага од надлежен јавен обвинител, при чие ништење се применува чл. 267-а ст. 1 и 2 од ЗКП и

**3.** Податоци собрани со ПИМ согласно чл. 252 ст. 1 т. 1-12 од ЗКП, по започната судска постапка врз основа на поднесено обвинение и донесена одлука од страна на судот, односно по службена должност, при чие ништење се постапува согласно чл. 267-а ст. 3 од ЗКП.

Во однос на првата постапка, за податоците собрани со ПИМ во предистражна постапка, согласно чл. 252 ст. 1 од т. 6-12 од ЗКП, ништењето е регулирано со чл. 261 ст. 2 од ЗКП, кој гласи „ако јавниот обвинител се откаже од кривично гонење или ако собраните податоци со посебните истражни мерки немаат значење за водење на постапката, ќе се уништат под надзор на судијата, а за тоа јавниот обвинител ќе изготви записник". Оваа постапка се однесува на податоци кои биле собирани со ПИМ, а по наредба издадена од страна на надлежниот јавен обвинител во текот на претходната постапка, но кои поради интензитетот или значењето не го поткрепуваат основаното сомневање за отпочнување на истражна постапка спрема конкретно лице, заради што јавниот обвинител и се откажал од гонење или пак истите воопшто немаат значење за понатамошно водење на постапката.

Во однос на втората и третата постапка, каде што се применува чл. 267-а од ЗКП, се уредува чувањето и ништењето на податоци собрани со ПИМ согласно чл. 252 ст. 1 т. 1-12 од ЗКП, во која постапка судот бил вклучен при издавањето наредба за собирање на тие податоци, била донесена наредба за спроведување на истражна постапка или пак била започната судска постапка - по службена должност, при што интенција е да се раздвојат овие две постапки, така што:

- Втората постапка е опфатена со чл. 267 ст. 1 и ст. 2 од ЗКП, согласно која податоците прибавени со примената на ПИМ, за кои наредбата ја издава судот, се чуваат од страна на надлежниот јавен обвинител и по донесување на одлука од јавен обвинител се доставуваат до судот. Во случај кога надлежниот јавен обвинител започнал истражна постапка, по што ќе донесе одлука со која истрагата се затвора без можност за нејзино повторно отворање, податоците собрани со ПИМ се предаваат на судија на претходна постапка.

- Третата постапка е опфатена со чл. 267-а ст. 3 од ЗКП, во случај кога надлежниот јавен обвинител ќе поднесе обвинение, односно била започната судска постапка, каде податоците собрани со ПИМ се чуваат во судот, и тоа: во случај кога била донесена ослободителна или одбивателна пресуда до истекот на роковите за застареност на кривичното гонење, а во случај кога била донесена осудителна пресуда до истекот на рокот за застареност на извршување на кривичната санкција, при што ништењето се врши од страна на судот по службена должност.

Во однос на третата постапка регулирана со чл. 267-а ст. 3 од ЗКП, за ништењето кое се спроведува од страна на судот по службена должност, дадени се две ситуации со понудени решенија со конкретни рокови:

– во случај кога е донесена ослободителна или одбивателна пресуда - до истекот на роковите за застареност на кривичното гонење,

– во случај кога е донесена осудителна пресуда - до истекот на рокот за застареност на извршување на кривичната санкција.

Во корелација со чл. 16 од ЗСК кој се однесува само на ПИМ од чл. 252 ст. 1 т. 1 од ЗКП и со примена на аналогија, наведената постапка за ништење потребно е да се применува и за останатите ПИМ, односно за сите ситуации кои се опфатени во чл. 267-а од ЗКП.

Надвор од овие две ситуации опишани во член 267-а од ЗКП, ништењето на податоците од применети ПИМ е релевантно и од аспект на процедурално-техничкиот процес на тековно ништење на собраните материјали од приватна природа кои не содржат никакви сознанија значајни за постапката (чл. 268 ст. 2 од ЗКП). Исто така, за известувањето на засегнатото лице кое како законска обврска е пропишано во чл. 262 од ЗКП, законодавецот сепак

не понудил прецизни нормативи. На пример, недостигаат одредби за рокот во кој засегнатото лице треба да го достави барањето, за временскиот рок во кој јавниот обвинител ќе му ја достави писмената наредба на засегнатото лице, но исто така нејасно е, како и кога засегнатото лице всушност ќе биде запознаено со правата кои за него произлегуваат од овие одредби на ЗКП.

Наведените неконзистентности и празнини во овие одредби беа предизвик и дополнителен мотив во креирањето на содржина која ќе помогне во спроведување на процедурите кога ќе бидат исполнети законските услови за ништење на податоците од спроведени ПИМ. Нормативната рамка за креираните насоки се секако одредбите од ЗКП, но и ЗСК во однос на ПИМ од т. 1 на чл. 252 од ЗКП. Исто така, при развивање на процедурите, како релевантни беа разгледани и пресудите на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) и компаративните искуства во сферата на оваа проблематика. Постоењето на јасни законски правила и процедури за ништење на податоците собрани со ПИМ е стандард етаблиран низ праксата на ЕСЧП (Zakharov v. Russia (GC) 47143/06; P.G. and J.H. v. United Kingdom 44787/98; Van Vondel v. Netherlands 38258/03; Weber and Saravia v. Germany 54934/00). Притоа, ставот на Судот е дека постапката за уништување на податоците не е неопходно да биде нормирана во закон, односно може да биде нормирана и низ подзаконски акти, сè додека таа постапка е јасна, предвидлива и непротивречна (Malone v United Kingdom 8691/79 или Huvig v France 11105/84).

# ПРОЦЕДУРИ ЗА НИШТЕЊЕ ПОДАТОЦИ СОБРАНИ СО ПОСЕБНИ ИСТРАЖНИ МЕРКИ

Согласно чл. 261 и чл. 267-а од ЗКП, податоците собрани со ПИМ се ништат на следниот начин:

**1.** Податоците собрани со ПИМ од чл. 252, ст. 1, т. 6-12 од ЗКП во предистражна постапка се ништат врз основа на чл. 261 ст. 2 од ЗКП.

**2.** Податоците собрани со ПИМ од чл. 252 ст. 1 т. 1-5 во предистражна постапка и податоци собрани со ПИМ од чл. 252 ст. 1 т. 1-12 од ЗКП во истражна постапка се ништат со примена на чл. 267-а ст. 1 и 2 од ЗКП.

**3.** Податоци собрани со ПИМ, од чл. 252 ст. 1 т. 1-12 од ЗКП по поднесено обвинение и донесена одлука од страна на судот, по службена должност се ништат согласно чл. 267-а ст. 3 од ЗКП.

Во продолжение ќе бидат наведени и објаснети процедурите за ништење заедно со обрасците кои се потребни.

## НИШТЕЊЕ СОГЛАСНО ЧЛ. 261, СТ. 2 ОД ЗКП НА ПОДАТОЦИ СОБРАНИ СО ПИМ ВО ПРЕДИСТРАЖНА ПОСТАПКА ОД ЧЛ. 252, СТ. 1, Т. 6-12 ОД ЗКП

**1.** По исполнување на условите од чл. 261, ст. 2 од ЗКП, кога јавниот обвинител во предистражната постапка ќе се откаже од кривично гонење или кога собраните податоци со ПИМ немаат значење за водење на постапката, истиот започнува со собирање на сите податоци поврзани со ПИМ, вклучително и собраните податоци од правосудната полиција.

**2.** ЈО доставува писмено барање за согласност за ништење на податоците собрани со ПИМ до основниот ЈО на надлежното ОЈО (**Прилог - Образец бр. 1.1**).

**3.** ОЈО доставува Известување за ништење податоци собрани со ПИМ до Претседателот на Основниот суд заради назначување на судија на претходна постапка под чиј надзор ќе биде спроведено ништењето (**Прилог - Образец бр. 1.2**).

**4.** Ништењето на податоците го врши надлежниот/назначениот јавен обвинител од страна на ОЈО каде што е водена предистражната кривична постапка во која се користени тие податоци, под надзор на СПП определен со Одлука од претседателот на судот (**Прилог - Образец бр. 1.3**).

Освен надлежниот јавен обвинител и судијата определен од претседателот на судот, на ништењето присуствуваат и претставник од Правосудната полиција и претставник од јавнообвинителската администрација задолжен за ракување со класифицирани информации (во својство на записничар).

**5.** Целокупниот материјал, согласно Насоките за начинот на отстранување и уништување класифицирани информации и информации со ознака „за ограничена употреба – ОУ“ во хартиена форма, издадени од Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации на 09.01.2024, се ништи на следните начини:

**5.1.** Се предава на правно лице регистрирано за откуп и промет на отпаден материјал каде се врши ништењето со хемиско разградување или горење на следниот начин:

- хемиското разградување на хартија подразбира уништување на одбраниот документарен материјал за уништување со примена на хемиски средства кои ја разбиваат отпорноста на сврзните влакна на материјалот. Материјата од пулпата треба да се распадне и да се дефибрира (да се разградат влакната) за да не може да се реконструира како препознатлива информација,

- горењето подразбира уништување на одбраниот документарен материјал за уништување во печки за горење (горилници) кои треба да овозможат прифаќање на затворени вреќи или кутии со одбраниот документарен материјал за уништување. Остатоците од согорениот материјал (пепелта) не треба да содржат препознатливи делови од уништениот документарен материјал.

При користење услуги на други правни лица за отстранување и уништување на одбраниот документарен материјал за уништување:

• претставникот од правното лице основано од државата или од општините, градот Скопје и општините во градот Скопје кој присуствува на уништувањето на одбраниот документарен материјал за уништување треба да поседува соодветен безбедносен сертификат за физичко лице;

• приватното правно лице во кое се уништува одбраниот документарен материјал за уништување треба да поседува соодветен безбедносен сертификат за правно лице, а претставникот кој присуствува на уништувањето треба да поседува соодветен безбедносен сертификат за физичко лице.

За транспортот на класифицираните документи до местото за уништување имателот може да побара асистенција од овластени униформирани лица на МВР, согласно проценетиот ризик по безбедноста на документите при транспорт, имајќи ги притоа предвид обемот и степенот на класификација на документите за уништување.

**5.2.** се ништи кај имателот (јавното обвинителство) со шредирање или ситнење на хартијата и медиумите со електронски материјалсо помош на машина за сечење хартија (сецкач/шредер).

- Кога се користи машина за сечење хартија (сецкач/шредер) како механизам за уништување на класицифирани информации со степен „строго доверливо – СД“ и повисоко, површината на исфрлената честичка не треба да биде поголема од 5 мм2, односно типот на сецкачот/шредерот треба да биде LEVEL7.

- За информации класифицирани со степените „интерно – И“ и „доверливо – Д“, како и на информациите со ознака „за ограничена употреба – ОУ“, површината на исфрлената честичка не треба да биде поголема од 10 мм2.

- Машината за сечење треба да биде со вкрстено сечење со цел да се осигура дека уништените информации се неповратни. Машината треба да има капацитет за рачно управување за да може да се осигура декаматеријалот нема да остане неуништен во машината што работи.

- Кога машината за сечење не ги исполнува овие барања, сечканиот отпад се собира од страна на безбедносно проверен персонал и дополнително се уништува со користење на метод или процес кој обезбедува дека неовластен персонал нема да има пристап до сечканиот отпад сè додека истиот не биде во состојба од која нема да може да се реконструира.

**6.** За ништењето се изготвуваат:

- фото-документација и видео запис од страна на Правосудната полиција,

- Пописна листа на уништени документи со степен на класификација (**Прилог - Образец бр. 1.4**),

- Записник за извршено ништење податоци собрани со ПИМ, од страна на јавниот обвинител за во архива. Примерок се доставува до сите учесници кои присуствувале на денот на ништењето (**Прилог - Образец бр. 1.5**).

Сите документи од т. 6 се евидентираат во посебна деловодна книга од тековната година со назнака за трајно чување.

**Шематски приказ**

## Процес на одобрување и спроведување ништење податоци собрани со ПИМ од чл. 252, ст. 1, т. 6-12 од ЗКП (кои ги издава јавниот обвинител)



**ПРИЛОЗИ**

**Образец бр. 1.1 – Барање од јавниот обвинител за ништење податоци собрани со посебни истражни мерки од чл. 252, ст. 1, т. 6-12 од ЗКП во предистражна постапка до јавниот обвинител на Основно јавно обвинителство**

**КОИМ бр. —**
**место, датум**

**ДО**
**ОСНОВЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ НА**
**ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО —**

Врз основа на чл. 261, ст. 2 од Законот за кривична постапка и чл. 9 од Правилникот за класифицирани информации, јавниот обвинител ______од Основното јавно обвинителство --- поднесува

**Б А Р А Њ Е С О Г Л А С Н О С Т**

за поднесување Известување за ништење податоци собрани со ПИМ

за податоците собрани врз основа на Наредба на јавен обвинител КОИМ бр.... врз основа на кои е спроведена посебна истражна мерка од чл. 252, ст. 1, т. 6-12 од ЗКП, за што се доставени следните Извештаи за спроведување на истата и тоа:

- Извештај СД бр. — од Правосудната полиција—
- Посебен Извештај СД бр. — од Правосудната полиција —, со прилози ЦД и транскрипти со реден бр. —

кои се определени по Барање за донесување Наредба за определување посебна истражна мерка КОИМ бр. — на Основното јавно обвинителство —, во рамките на предметот бр. — против повеќе лица за кривични дела —

**О б р а з л о ж е н и е**

Основното јавно обвинителство — во рамките на предметот бр. — издаде Наредба за определување посебна истражна мерка —од чл. 252, ст. 1, т. 6-12 од ЗКПи по спроведувањето на посебната истражна мерка од страна на Правосудната полиција —до Основното јавно обвинителство —се доставени следните Извештаи за спроведување на посебната истражна мерка:

-
-
-

Во текот на постапката беше извршена анализа на собраните податоци, по што произлезе дека истите немаат значење за водење на постапката, а воедно не постојат и невозможно е да се соберат други докази со кои ќе се потврди основано сомневање за сторено кривично дело за кое се гони по службена должност, поради што за овие лица се донесе јавнообвинителска одлука дека нема место за натамошно јавнообвинителско постапување.

Поради горенаведените причини, постапувајќи согласно чл. 261 од ЗКП и внимавајќи

на роковите утврдени во чл. 267-а, ст. 3 од ЗКП, јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство ——— по проучување на сите правни и фактички прашања во овој кривичен предмет, наоѓа дека постојат услови за спроведување на постапка за ништење на податоците, поради што го поднесува ова Барање на согласност од Ваша страна за спроведување на постапката за ништење и за поднесување Известување до претседателот на Основниот суд ——— за определување на судија на претходна постапка под чиј надзор ќе биде спроведена бараната постапка.

Прилог кон ова Барање - Пописна листа.

Јавен обвинител

_______________________________

**Образец бр. 1.2 – Известување од основен јавен обвинител за ништење податоци собрани со посебни истражни мерки од чл. 252 ст. 1, т. 6-12 од ЗКП во предистражна постапка до претседателот на судот**

**КОИМ бр. —**
**место, датум**

**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВЕН СУД ______**

Врз основа на чл. 261, ст. 2 од Законот за кривична постапка и чл.9 од Правилникот за класифицирани информации, основниот јавен обвинител —— на Основното јавно обвинителство —— доставува

**И З В Е С Т У В А Њ Е**

за ништење податоци собрани со ПИМ од чл. 252, ст. 1, т. 6-12 од ЗКП во предистражна постапка

Основното јавно обвинителство —— во рамките на предметот бр. —— издаде Наредба за определување посебна истражна мерка -- од чл. 252, ст. 1, т. 6-12 од ЗКП и по спроведувањето на посебната истражна мерка од страна на Правосудната полиција —— до Основното јавно обвинителство —— се доставени следните Извештаи за спроведување на посебната истражна мерка:

-
-
-

Во текот на постапката беше извршена анализа на собраните податоци, по што произлезе дека истите немаат значење за водење на постапката, а воедно не постојат и невозможно е да се соберат други докази со кои ќе се потврди основано сомневање за сторено кривично дело за кое се гони по службена должност, поради што за овие лица се донесе јавнообвинителска одлука дека нема место за натамошно јавнообвинителско постапување.

Поради горенаведените причини, постапувајќи согласно чл. 261 од ЗКП и внимавајќи на роковите утврдени во чл. 267-а, ст. 3 од ЗКП, јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство —— по проучување на сите правни и фактички прашања во овој кривичен предмет, најде дека постојат услови за спроведување на постапка за ништење на податоците, и од основниот јавен обвинител доби согласност за ништење на податоците собрани со ПИМ во предметот КОИМ бр. ——.

Заради спроведување на постапката за ништење која ќе се спроведе на **ДАТА, МЕСТО**, го доставуваме ова Известување до претседателот на Основниот суд —— за определување на судија на претходна постапка под чиј надзор ќе биде спроведено ништењето на:

- Извештај СД бр. —— од Правосудната полиција ——
- Посебен Извештај СД бр. —— од Правосудната полиција ——, со прилози ЦД и транскрипти со реден бр. ——

кои се определени по Барање за донесување Наредба за определување посебна истражна мерка КОИМ бр. —— на Основното јавно обвинителство ——, во рамките на предметот бр. —— против повеќе лица за кривични дела ——

Основен јавен обвинител

______________________

**Образец бр. 1.3 – Одлука од претседателот на судот за определување судија за вршење надзор при ништење податоци собрани со посебни истражни мерки**

Република Северна Македонија
Основен суд ___________________
______СУ бр. _____/_____
_________________

Претседателот на Основниот суд ________________ , ____________________________, врз основа на член 88 од Законот за судови („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/06, 35/08 и 150/10), чл. 13 и 376 од Судскиот деловник („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/13 и 114/14) и чл. 267-а од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018, Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 2/2016 од 28.09.2016, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 193/2016), на _________година, донесе

**О Д Л У К А**

Се определува судијата ________________ за вршење надзор на **ДАТА, МЕСТО** при спроведување на ништење податоци собрани со посебни истражни мерки по Известувањето од ОЈО за ништење податоци собрани со посебни истражни мерки бр. — од _________ година.

***О б р а з л о ж е н и е***

Основното јавно обвинителство ——во рамките на предмет бр. ——издало Наредба за определување посебна истражна мерка —— од чл. 252, ст. 1, т. 6-12 од ЗКП, по чие спроведување и обезбедување на податоци, била извршена анализа на истите, од каде произлегло дека таквите податоци немаат значење за водење на постапката, а притоа не постоеле и невозможно било да се соберат други докази со кои ќе се потврди основано сомневање за сторено кривично дело за кое се гони по службена должност, поради што била донесена јавнообвинителска одлука бр. —— од ——— година, дека нема место за натамошно јавнообвинителско постапување.

Согласно, чл. 261 од ЗКП и внимавајќи на роковите утврдени во чл. 267-а, ст. 3 од ЗКП, јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство ——по проучување на сите правни и фактички прашања во конкретниот кривичен предмет, нашол дека постојат услови за спроведување на постапка за ништење на податоците, и нанадлежниот јавен обвинител му дал согласност за ништење на податоците собрани со ПИМ во предметот КОИМ бр. ——.

Заради спроведување на постапката за ништење која ќе биде спроведена на **ДАТА, МЕСТО,** го назначувам судијата на претходна постапка _________под чиј надзор ќе биде извршено ништењето на податоците содржани во предметот бр. ——, а обезбедени во предистражна постапка со ПИМ од чл. 252, ст. 1, т. 6-12 од ЗКП.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА ОСНОВНИОТ СУД

______________________

**Образец бр. 1.4 – Пописна листа за уништени документи со степен на класификација**

**ПОПИСНА ЛИСТА**

**за уништени _____ национални _____ документи**
(национални, НАТО, ЕУ, странски)

**со ____________________________________________ за _____ година**
(степен на класификација ДТ/СД/Д/И или ознака ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА)

| Реден број | Назив на документот, назив на создавач | Степен на класификација или ОУ, број/датум на документот од создавачот | Деловоден број, датум на прием на документ | Архивски знак | Количина | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |

Присутни лица:

1. ______________________________
2. ______________________________
3. ______________________________

**Образец бр. 1.5 – Записник за извршено ништење податоци собрани со посебни истражни мерки од чл. 252, ст. 1, т. 6-12 од ЗКП во предистражна постапка**

**ЗАПИСНИК**

**за извршено ништење податоци собрани со посебни истражни мерки**

Врз основа на Согласност за ништење податоци собрани со посебни истражни мерки од чл. 252, ст. 1, т. 6-12 од ЗКП во предистражна постапка бр.__________________ од ОЈО во ______________, на ________________ година, беше извршено ништење на податоци собрани со посебни истражни мерки наведени во Пописот на материјалот за уништување бр. _________, во присуство на следните лица.

1. ___________________________________
2. ___________________________________
3. ___________________________________
4. ___________________________________
5. ___________________________________

Ништењето започна на ________ година, во ________часот.

Со овој записник се потврдува дека податоците содржани во Пописната листа за уништени документи во наведената количина се уништени во ____________________________________.
Начинот на кој документите беа уништени беше ___________________________________________
_____________________________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________________________
Ништењето заврши на ___________ година, во _______ часот.
Записникот е изработен од: _________________________
За извршеното ништење е изработена фото-документација и видео запис од страна на ____________________ од Правосудната полиција кој е составен дел на овој записник и се чува во ОЈО ___________________.
Присутни лица на ништењето:

1. ___________________________________
2. ___________________________________
3. ___________________________________
4. ___________________________________
5. ___________________________________

ДН:

- Судот
- ЈО
- Правосудната полиција

## *НИШТЕЊЕ ПО БАРАЊЕ НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ ЗА ПИМ ОД ЧЛ. 252, СТ. 1, Т. 1-5 ОД ЗКП ВО ПРЕДИСТРАЖНА ПОСТАПКА И ЗА ПИМ ОД ЧЛ. 252, СТ. 1, Т. 1-12 ОД ЗКП ВО ИСТРАЖНА ПОСТАПКА*

**1.** По исполнување на условите од чл. 267-а, ст. 1 и ст. 2 од ЗКП, надлежниот ЈО доставува писмено Барање до основниот јавен обвинител за согласност за доставување на податоците собрани со ПИМ до надлежниот суд заради ништење (**Прилог - Образец бр. 2.1**).

**2.** По добивањето писмена согласност од основниот ЈО на надлежното ОЈО, ЈО ги прибира податоците поврзани со ПИМ, вклучително и од правосудната полиција.

**3.** Надлежниот ЈО изготвува Попис на материјалот за уништување (**Прилог - Образец бр. 2.2**) заедно со податоците собрани со ПИМ кои треба да се ништат.

Во Пописот на материјалот за уништување, во истиот образец, се евидентира предложениот материјал за ништење во хартија и медиумите со електронски материјал (ЦД со податоци, УСБ итн). Класифицираните информации означени со „интерно – И " и „доверливо – Д", како и информациите со ознака „за ограничена употреба – ОУ" се водат на една пописна листа (на еден образец), додека „строго доверливо – СД" и „државна тајна – ДТ" на друга пописна листа (на друг образец).

Образецот на Пописот е уреден согласно Упатството за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документарниот материјал во канцеларискoто и архивското работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 99/14).

Секој документ со степен на класификација „строго доверливо – СД" и „државна тајна – ДТ" е придружен со Преглед на лица коишто пристапиле до класифицирани информации со степен СД и ДТ (**Прилог - Образец бр. 2.3**).

**4.** Откако ќе го собере и попише целокупниот материјал, надлежниот јавен обвинител изготвува Барање до Претседателот на судот согласно чл. 267-а, ст. 6 од ЗКП, во прилог на кое ги доставува собраните материјали со Пописот и Прегледот (**Прилог - Образец бр. 2.4**).

**5.** По доставување на податоците собрани со ПИМ до надлежниот суд, Претседателот на судот, согласно чл. 267-а, ст. 7 од ЗКП носи одлука за определување на надлежен судија на претходна постапка (**Прилог - Образец бр. 2.5**).

**6.** Определениот судија на претходна постапка по собирање на целокупниот материјал и проверка на истиот, доколку се исполнети условите

од чл. 267-а од ЗКП, носи Решение согласно чл. 267-а, ст. 5 од ЗКП, во кое се определува ден, време, место и начин на ништење согласно закон објаснет во точка 8 (**Прилог - Образец бр. 2.6**)

- на надлежниот јавен обвинител се доставуваат два примероци од решението од кои еден примерок е за Правосудната полиција.

**7.** Ништењето на податоците собрани со ПИМ се врши од страна на определениот судија на претходна постапка, а во присуство на јавниот обвинител кој го доставил материјалот, како и претставник од Правосудната полиција и претставник од судската администрација задолжен за ракување со класифицирани информации (во својство на записничар).

**8.** Целокупниот материјал, согласно Насоките за начинот на отстранување и уништување класифицирани информации и информации со ознака „за ограничена употреба – ОУ" во хартиена форма, издадени од Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации на 09.01.2024, се ништи на следните начини:

**8.1.** се предава на правно лице регистрирано за откуп и промет на отпаден материјал каде се врши ништењето со хемиско разградување или горење на следниот начин:

- хемиското разградување на хартија подразбира уништување на одбраниот документарен материјал за уништување со примена на хемиски средства кои ја разбиваат отпорноста на сврзните влакна на материјалот. Материјата од пулпата треба да се распадне и да се дефибрира (да се разградат влакната) за да не може да се реконструира како препознатлива информација,

- горењето подразбира уништување на одбраниот документарен материјал за уништување во печки за горење (горилници) кои треба да овозможат прифаќање на затворени вреќи или кутии со одбраниот документарен материјал за уништување. Остатоците од согорениот материјал (пепелта) не треба да содржат препознатливи делови од уништениот документарен материјал.

При користење услуги на други правни лица за отстранување и уништување на одбраниот документарен материјал за уништување:

• претставникот од правното лице основано од државата или од општините, градот Скопје и општините во градот Скопје кој присуствува на уништувањето на одбраниот документарен материјал за уништување треба да поседува соодветен безбедносен сертификат за физичко лице;

• приватното правно лице во кое се уништува одбраниот документарен материјал за уништување треба да поседува соодветен безбедносен сертификат за правно лице, а претставникот кој присуствува на уништувањето треба да поседува соодветен безбедносен сертификат за физичко лице.

За транспортот на класифицираните документи до местото за уништување имателот може да побара асистенција од придружба на овластени униформирани лица на МВР, согласно проценетиот ризик по безбедноста на документите при транспорт, имајќи ги притоа предвид обемот и степенот на класификација на документите за уништување.

**8.2.** се ништи кај имателот (Судот) согласно постапката утврдена во *Решението за ништење податоци собрани со ПИМ,* донесено од судијата на претходна постапка, со шредирање или ситнење на хартијата и медиумите со електронски материјал со помош на машина за сечење хартија (сецкач/шредер).

- Кога се користи машина за сечење хартија (сецкач/шредер) како механизам за уништување на класицифирани информации со степен „строго доверливо – СД“ и повисоко, површината на исфрлената честичка не треба да биде поголема од 5 мм2, односно типот на сецкачот/шредерот треба да биде LEVEL 7.

- За информации класифицирани со степените „интерно – И“ и „доверливо – Д“, како и на информациите со ознака „за ограничена употреба – ОУ“, површината на исфрлената честичка не треба да биде поголема од 10 мм2.

- Машината за сечење треба да биде со вкрстено сечење со цел да се осигура дека уништените информации се неповратни. Машината треба да има капацитет за рачно управување за да може да се осигура дека материјалот нема да остане неуништен во машината што работи.

- Кога машината за сечење не ги исполнува овие барања, сечканиот отпад се собира од страна на безбедносно проверен персонал и дополнително се уништува со користење на метод или процес кој обезбедува дека неовластен персонал нема да има пристап до сечканиот отпад сѐ додека истиот не биде во состојба од која нема да може да се реконструира.

- техничките записи од спроведената ПИМ од чл. 252, ст. 1, т. 1 се ништат на следниов начин:

**o** за записите создадени во поранешната УБК до 01.11.2018 година - со овозможување на потребните технички предуслови од страна на ОТА, АНБ и МВР,

**o** за записите создадени во Правосудната полиција после 01.11.2018 година - со овозможување на потребните технички предуслови од страна на ОТА.

**9.** За ништењето се изготвуваат:

- фото-документација и видео запис од страна на Правосудната полиција,

- *Пописна листа на уништени документи со степен на класификација* (**Прилог - Образец бр. 2.7**),

- *Записник/Извештај за извршено ништење податоци собрани со ПИМ* (**Прилог - Образец бр. 2.8**), за во судската архива. Примерок се доставува до сите учесници кои присуствувале на денот на ништењето.

Сите овие документи кои се поврзани или произлегуваат од ништењето на податоците собрани со ПИМ се евидентираат во посебна деловодна книга од тековната година со назнака за трајно чување.

Постапката на ништење податоци собрани со ПИМ може да биде иницирана и од заинтересираното лице, преку поднесено барање до јавниот обвинител или судот, само доколку во целост се исполнети условите од чл. 267-а од ЗКП.

**Шематски приказ**

## Процес на одобрување и спроведување ништење податоци собрани со ПИМ од чл. 252, ст. 1, т. 1-5 од ЗКП (во предистражна постапка) и чл. 252, ст. 1, т. 1-12 од ЗКП (во истражна постапка)



**ПРИЛОЗИ**

**Образец бр. 2.1 – Барање од јавниот обвинител за отпочнување на постапка за доставување на податоци собрани со ПИМ за ништење до Основниот суд**

**КОИМ-ОСК-Н/КОИМ бр. ———**
**КОИМ-Н бр. ———**
**место, датум**
**vv**

**ДО**
**ОСНОВЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ НА**
**ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО —**

Врз основа на чл. 267-а, ст. 5, в.в ст. 2 од Законот за кривична постапка(„Службен весник на Република Македонија" бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018, Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 2/2016 од 28.09.2016, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 193/2016) и чл. 9 од Правилникот за класифицирани информации, јавниот обвинител ———— од Основното јавно обвинителство —— поднесува

**Б А Р А Њ Е С О Г Л А С Н О С Т**

за доставување до надлежниот суд на податоци собрани со ПИМ заради ништење

- за податоците прибавени врз основа на Наредба на Основен суд ——КОК ПП/ УОСК бр. —— врз основа на кои е спроведена посебна истражна мерка од чл. 252, ст. 1, т. 1-5 од ЗКП во предистражна постапка, односно посебна истражна мерка од чл. 252, ст. 1, т. 1-12 од ЗКП во истражна постапка, за што се доставени следните Извештаи за спроведување на истата и тоа:
- Извештај СД бр. ——од Правосудната полиција ——
- Посебен Извештај СД бр. —— од Правосудната полиција —— со прилози ЦД и транскрипти со реден бр. ——
- кои се определени по Барање за донесување Наредба за определување посебна истражна мерка КОИМ ОСК бр. ——/КОИМ бр. ——на Основното јавно обвинителство —, во рамките на предметот бр. —— против повеќе лица за кривични дела——

**О б р а з л о ж е н и е**

Основното јавно обвинителство — во рамките на предметот бр. — до Основниотсуд —— поднесе Барање за донесување Наредба за определување посебна истражна мерка — од чл. 252, ст. 1, т. 1-12 од ЗКП, по што Основниот суд — донесе Наредба УОСК бр. / КОК ПП бр. или КПП бр. — и по спроведувањето на посебната истражна мерка од страна на Правосудната полиција — до Основното јавно обвинителство — се доставени следните Извештаи за спроведување на посебната истражна мерка:

-
-
-

Во текот на постапката се утврди дека постои основано сомневање дека лицата сториле кривични дела —, поради што за истите беше донесена Наредба за спроведување истражна постапка за сторени кривични дела —— и до надлежниот суд беа поднесени предлози за определување мерка притвор, додека пак за лицата —— од сите докази прибавени во текот на постапката, како материјални и вербални, така и од доказите прибавени врз основа на посебни истражни мерки се утврди дека не постои

основано сомневање за сторено кривично дело за кое се гони по службена должност, поради што за овие лица се донесе јавнообвинителска одлука (дека нема место за натамошно јавнообвинителско постапување / дека се запира истражната постапка без можност за повторно отварање, согласно условите утврдени во чл. 304, ст. 1 од ЗКП). Од тие причини согласно чл. 267-а, ст. 1 и ст. 2 од ЗКП потребно е податоците прибавени врз основа на посебната истражна мерка да се достават до судија на претходна постапка, по чија Наредба истите беа спроведени, заради спроведување на постапка за ништење на податоците прибавени со посебните истражни мерки, кои нема да бидат користени како докази во понатамошната постапка, согласно чл. 267-а, ст. 5 од ЗКП.

Јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство —— по проучување на сите правни и фактички прашања во овој кривичен предмет, имајќи ги во предвид и роковите за поведување кривична постапка по завршувањето на спроведување на мерките од чл. 252 од ЗКП, наоѓа дека постојат услови за спроведување на постапката за ништење на податоците, поради што го поднесува ова Барање за согласност за отпочнување на постапка со доставување на материјалот до судот, со пописна листа во прилог.

Јавен обвинител

______________________________

**Образец бр. 2.2 – Попис на материјалот за уништување**

## ПОПИС НА МАТЕРИЈАЛ ЗА УНИШТУВАЊЕ

Назив на имателот на материјалот ___________________________________

| Реден број | Година од која потекнува | Архивски знак | Сумарен опис по видови документарен материјал | Количина |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е:

_____________________________________________________________________

_____________________________________________________________________

НАПОМЕНА: Во предложениот материјал за ништење, се потврдува дека нема архивски материјал.

Потпис на функционерот
што раководи со органот,
односно одговорното лице
во правното лице

М.П.

____________________________

Присутни лица:
1.______________________
2.______________________
3.______________________

**Образец бр. 2.3 – Преглед на лица коишто пристапиле до класифицирани информации со степен ДТ или СД**

**ПРЕГЛЕД**
**на лица коишто пристапиле до класифицирани информации со степен ________________________________________**
**(ДРЖАВНА ТАЈНА или СТРОГО ДОВЕРЛИВО)**

| Реден број | Назив на материјалот | Степен на класификација, деловоден број, датум | Начин на прием | Кој е запознаен име и презиме, датум/потпис | Кога е вратен, име и презиме, датум/потпис | Потврдува, име и презиме, датум/ потпис | Препратено до |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

**Образец бр. 2.4 – Барање до претседателот на судот за определување судија на претходна постапка, согласно чл. 267-а, ст. 6 од ЗКП**

**КОИМ-ОСК-Н/КОИМ бр. ––**
**КОИМ-Н бр. ––**
**место, датум**

**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА**
**ОСНОВЕН СУД ––**

Врз основа на чл. 267-а, ст. 6 и ст. 7 од Законот за кривична постапка(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018, Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 2/2016 од 28.09.2016, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 193/2016) и чл. 9 од Правилникот за класифицирани информации, јавниот обвинител ––од Основното јавно обвинителство ––поднесува

**Б А Р А Њ Е**

За поведување постапка од надлежниот суд за ништење податоци собрани со ПИМ и тоа:

- за податоците собрани врз основа на Наредба на Основен суд ––КОК ПП/ УОСК бр. ––врз основа на кои е спроведена посебна истражна мерка од чл. 252, ст. 1, т. 1-5 од ЗКП во предистражна постапка, односно посебна истражна мерка од чл. 252, ст. 1, т. 1-12 од ЗКП во истражна постапка, при што доставени следните Извештаи за спроведување на истата:
- Извештај СД бр. ––од Правосудната полиција ––
- Посебен Извештај СД бр. ––од Правосудната полиција ––, со прилози ЦД и транскрипти со реден бр. ––
- кои се определени по Барање за донесување Наредба за определување посебна истражна мерка КОИМ ОСК бр. ––/КОИМ бр. ––на Основното јавно обвинителство ––, во рамките на предметот бр. ––против повеќе лица за кривични дела––

**О б р а з л о ж е н и е**

Основното јавно обвинителство ––во рамките на предметот бр. ––до Основниот суд ––поднесе Барање за донесување Наредба за определување посебна истражна мерка –– од чл. 252, ст. 1, т. 1-12 од ЗКП, по што Основниот суд ––донесе Наредба УОСК бр. / КОК ПП бр. или КПП бр. ––и по спроведувањето на посебната истражна мерка од страна на Правосудната полиција ––до Основното јавно обвинителство ––се доставени следните Извештаи за спроведување на посебната истражна мерка:

-
-
-

Во текот на постапката се утврди дека постои основано сомневање дека лицата сториле кривични дела ––, поради што за истите беше донесена Наредба за спроведување истражна постапка за сторени кривични дела ––и до надлежниот суд беа поднесени предлози за определување мерка притвор, додека пак за лицата ––од сите докази прибавени во текот на постапката, како материјални и вербални, така и од доказите прибавени врз основа на посебни истражни мерки се утврди дека не постои основано сомневање за сторено кривично дело за кое се гони по службена должност,

поради што за овие лица се донесе јавнообвинителска одлука (дека нема место за натамошно јавнообвинителско постапување / дека се запира истражната постапка без можност за повторно отварање, согласно условите утврдени во чл. 304, ст. 1 од ЗКП).

Од тие причини согласно чл. 267-а, ст. 1 и ст. 2 од ЗКП потребно е податоците прибавени врз основа на посебната истражна мерка да се доставаат до судија на претходна постапка, по чија Наредба истите беа спроведени, заради спроведување на постапка за ништење на податоците прибавени со посебните истражни мерки, кои нема да бидат користени како докази во понатамошната постапка.

Јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство ___ по проучување на сите правни и фактички прашања во овој кривичен предмет, имајќи ги во предвид и роковите за поведување кривична постапка по завршувањето на спроведување на мерките од чл. 252 од ЗКП, наоѓа дека постојат услови за спроведување на постапката за ништење на податоците, поради што, согласно чл. 267-а, ст. 5 од ЗКП, го поднесува ова Барање за отпочнување на постапка со определување на судија кој ќе го собере целокупниот материјал и во судот и ќе донесе решение за ништење, а врз основа на чл. 267-а, ст. 6 и ст. 7 од ЗКП.

Основен јавен обвинител

_______________________________

**Образец бр. 2.5 – Решение на Претседателот на судот за определување на судија согласно чл. 267-а, ст. 7 од ЗКП**

Република Северна Македонија
Основен суд ___________________
____СУ бр. _____ /______
____________

Претседателот на Основниот суд _______________ , ________________________, врз основа на член 88 од Законот за судови („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/06, 35/08 и 150/10), чл.13 и 376 од Судскиот деловник („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/13 и 114/14) и чл. 267-а, ст.7 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018, Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 2/2016 од 28.09.2016, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 193/2016), на ________година, донесе

**О Д Л У К А**

Се определува судијата __________________за вршење проверка на доставениот материјал со Барање на Основно јавно обвинителство ______КОИМ-ОСК Н бр. /КОИМ бр.______, собирање на останатите податоци кои произлегле од истите ПИМ наведени во доставениот материјал а се наоѓаат во судот, како и за носење на Решение за ништење согласно чл. 287-а, ст. 5 од ЗКП.

***О б р а з л о ж е н и е***

Основното јавно обвинителство ——во рамките на предметот бр. ——до Основниот суд ——поднело Барање за донесување Наредба за определување посебна истражна мерка —од чл. 252, ст. 1, т. 1-12 од ЗКП, по што Основниот суд ——донел Наредба УОСК бр. / КОК ПП бр. или КПП бр. ——и по спроведувањето на посебната истражна мерка од страна на Правосудната полиција ——до Основното јавно обвинителство ——биле доставени Извештаи за спроведување на посебната истражна мерка, подробно наведени и таксативно наброени во Барањето на Основното јавно обвинителство ____КОИМ-ОСК Н бр. /КОИМ бр._____

Во текот на постапката произлегло основано сомневање дека лицата сториле кривични дела ——, поради што за истите била донесена Наредба за спроведување истражна постапка за сторени кривични дела ——и до надлежниот суд биле поднесени предлози за определување мерка притвор, додека пак за лицата ——од сите докази прибавени во текот на постапката, произлегло дека не постои основано сомневање за сторено кривично дело за кое се гони по службена должност, поради што за овие лица од страна на надлежниот обвинител била донесена јавнообвинителска одлука (дека нема место за натамошно јавнообвинителско постапување / дека се запира истражната постапка без можност за повторно отварање, согласно условите утврдени во чл. 304, ст. 1 од ЗКП).

Од тие причини согласно чл. 267-а, ст. 1 и ст. 2 од ЗКП, по добиена писмена согласност од Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство, податоците собрани врз основа на посебната истражна мерка се доставени до претседателот на судот, па согласно чл. 267-а, ст. 5 од ЗКП го определувам ______________

Судија на претходна постапка, од чија страна да бидат проверени доставените податоци, да бидат собрани податоците и од останатите издадени наредби од судии на претходна постапка - поврзани со истиот предмет на Основното јавно обвинитество, а доколку се исполнети условите од чл. 278-а од ЗКП да донесе Решение за ништење и да изготви Извештај за извршеното ништење.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА ОСНОВНИОТ СУД

______________________________

**Образец бр. 2.6 – Решение за ништење податоци собрани со посебни истражни мерки донесено од страна на определениот судија на претходна посстапка, согласно чл. 267-а, ст. 5 од ЗКП**

Република Северна Македонија
Основен суд ___________________
_____СУ бр. _____/_____
________________

Врз основа на чл. 267-а, ст. 5 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018, Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 2/2016 од 28.09.2016, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 193/2016), Судијата на претходна постапка на Основен суд _______________, на ___________година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за ништење податоци собрани со посебни истражни мерки**

Податоците собрани со посебни истражни мерки наведени во Пописот на документарниот материјал за ништење бр. ________од ________ќе се ништат на ________ година, во време ________, во ________место, а согласно Законот за класифицирани информации, Уредбата за административна безбедност, Уредбата за информатичка безбедност и Насоките за начинот на отстранување и уништување класифицирани информации и информации со ознака „за ограничена употреба – ОУ“ во хартиена форма, донесени од Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, 02-25/1 од 09.01.2024 година, ништењето ќе се изврши на следниот начин:
_______________________________________________________________

***О б р а з л о ж е н и е***

Основното јавно обвинителство ——во рамките на предметот бр. ——до Основниот суд ——поднесе Барање за донесување Наредба за определување посебна истражна мерка – од чл. 252, ст. 1, т. 1-12 од ЗКП, по што Основниот суд ——донесе Наредба УОСК бр. / КОК ПП бр. или КПП бр. ——,а по спроведувањето на посебната истражна мерка од страна на Правосудната полиција ——до Основното јавно обвинителство ——доставени се Извештаи за спроведување на посебната истражна мерка, подробно наведени и таксативно наброени во Барањето на Основното јавно обвинителство _КОИМ-ОСК Нбр. / КОИМ бр._.

Во текот на постапката пред Основното јавно обвинителство ___________произлегло основано сомневање дека лицата сториле кривични дела ——, поради што за истите била донесена Наредба за спроведување истражна постапка за сторени кривични дела ——и до надлежниот суд биле поднесени предлози за определување мерка притвор, додека пак за лицата ——од сите докази прибавени во текот на постапката, произлегло дека не постои основано сомневање за сторено кривично дело за кое се гони по службена должност, поради што за овие лица од страна на надлежниот обвинител била донесена јавнообвинителска одлука (дека нема место за натамошно јавнообвинителско постапување / дека се запира истражната постапка без можност за повторно отварање, согласно условите утврдени во чл. 304, ст. 1 од ЗКП).

Податоците собрани со посебни истражни мерки се наведени во Пописот на документарниот материјал за уништување бр. _______од _______година.

Врз основа на чл. 267-а, ст. 7 и 8 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018, Одлука на

Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 2/2016 од 28.09.2016, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 193/2016), ништењето на податоците го врши судија определен од претседателот на судот каде што е водена кривичната постапка во која се користени тие податоци, а за извршеното ништење, судијата ќе изготви извештај за во судската архива.

По собирање на сите податоци кои произлегле од ПИМ во конкретниот предмет и целосна проверка на истите во поглед на исполнетоста на законските услови за нивно ништење согласно чл. 267-а од ЗКП, се донесе одлука како во диспозитивот на ова решение.

Основен суд _______, бр. ── од _______ година

Судија на претходна постапка при Основен суд _________________

**Образец бр. 2.7 – Пописна листа за уништени документи со степен на класификација**

**ПОПИСНА ЛИСТА**
**за уништени________национални________документи**
(национални, НАТО, ЕУ, странски)

**со ____________________________________________________________за ________година**
(степен на класификација ДТ/СД/Д/И или ознака ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА)

| Реден број | Назив на документот, назив на создавач | Степен на класификација или ОУ, број/датум на документот од создавачот | Деловоден број, датум на прием на документ | Архивски знак | Количина | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |

Присутни лица:

1.________________________________
2.________________________________
3.________________________________

**Образец бр. 2.8 – Извештај за извршено ништење податоци собрани со посебни истражни мерки**

## ИЗВЕШТАЈ
## за извршено ништење податоци собрани со посебни истражни мерки

Согласно чл. 267-а, ст. 8 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018, Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 2/2016 од 28 септември 2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 193/2016), а врз основа на Решение за ништење податоци собрани со посебни истражни мерки бр. ________________ од Судија на претходна постапка при Основниот суд ________________ на ден ________________ година, во ________________, во присуство на следните лица: ____________________________, се изврши ништење на следните податоци собрани со посебни истражни мерки:

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

Ништењето започна на ________ година во ________ часот.
Со овој извештај се потврдува дека документите содржани во Пописната листа за уништени документи во наведената количина се уништени во ____________________________.

Начинот на кој документите беа уништени беше

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

Ништењето заврши на ___________ година во _____ часот.

За извршеното ништење е создадена фото-документација и видео запис од страна на ___________ од Правосудната полиција, кој е составен дел на овој извештај и се чува во Основниот суд ___________.

Извештајот е составен на ___________ година во ___________ од страна на ___________ во 3 примероци кои се доставуваат до Судот, ЈО и Правосудната полиција.

Присутни лица на ништењето:

1. ________________________________________
2. ________________________________________
3. ________________________________________
4. ________________________________________
5. ________________________________________

Судија на претходна постапка

______________________

ДН:
- Судот
- ЈО
- Правосудната полиција

## НИШТЕЊЕ ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ ОД СТРАНА НА СУДОТ

**1.** Согласно чл. 267-а, ст. 3 од ЗКП, во случај кога надлежниот јавен обвинител ќе поднесе обвинение, податоците прибавени со примената на посебните истражни мерки се чуваат во судот, и тоа:

**1.1.** во случај кога е донесена ослободителна или одбивателна пресуда, се чуваат во судот до истекот на роковите за застареност на кривичното гонење,

**1.2**. во случај кога е донесена осудителна пресуда, се чуваат до истекот на рокот за застареност на извршување на кривичната санкција.

**2.** Претседателот на Советот, односно судијата поединец ги прибира податоците поврзани со ПИМ од Судот и доставува *Барање за ништење податоци собрани со ПИМ* до Претседателот на Судот (**Прилог - Образец бр. 3.1**) со прилог *Попис на материјал за уништување*[1] (**Прилог - Образец бр. 3.2**) заедно со податоците собрани со ПИМ кои треба да се ништат.

Во *Пописот на материјалот за уништување*, во истиот образец, се евидентира предложениот материјал за ништење во хартија и медиумите со електронски материјал (ЦД со податоци, УСБ итн). Класифицираните информации означени со „интерно – И " и „доверливо – Д", како и информациите со ознака „за ограничена употреба – ОУ" се водат на една пописна листа (на еден образец), додека „строго доверливо – СД" и „државна тајна – ДТ" на друга пописна листа (на друг образец).

Секој документ со степен на класификација „строго доверливо – СД" и „државна тајна – ДТ" е придружен со *Преглед на лица коишто пристапиле до класифицирани информации со степен СД и ДТ* (**Прилог - Образец бр. 3.3**).

**3.** Претседателот на судот, согласно чл. 267-а, ст. 7 од ЗКП носи *Одлука за определување надлежен судија на претходна постапка за ништење податоци собрани со ПИМ* (**Прилог - Образец бр. 3.4**).

**4.** Надлежниот судија за претходна постапка изготвува *Решение за ништење податоци собрани со ПИМ* (**Прилог - Образец бр. 3.5**) во кое определува ден, време, место и начин на ништење согласно закон (објаснето во точка 5).

- техничките записи од спроведената ПИМ од чл. 252, ст. 1, т. 1 се ништат на следниов начин:

**o** за записите создадени во поранешната УБК до 01.11.2018 година - со овозможување на потребните технички предуслови од страна на ОТА, АНБ и МВР,

[1] Согласно Упатството за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документарниот материјал во канцелариското и архивското работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 99/14)

**о** за записите создадени во Правосудната полиција после 01.11.2018 година - со овозможување на потребните технички предуслови од страна на ОТА.

- еден примерок од Решението се доставува до заинтересираното лице (ако поднело барање согласно чл. 262 или чл. 267-а од ЗКП) со право на жалба во рок од 3 дена до Советот од чл. 25 ст. 5 од ЗКП,

- на надлежниот јавен обвинител се доставуваат два примероци од решението од кои еден примерок е за Правосудната полиција. Освен судијата определен од претседателот, на ништењето присуствува и претставник од судската администрација задолжен за ракување со класифицирани информации (во својство на записничар).

**5.** Целокупниот материјал, согласно Насоките за начинот на отстранување и уништување класифицирани информации и информации со ознака „за ограничена употреба – ОУ“ во хартиена форма, издадени од Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации на 09.01.2024, се ништи на следните начини:

**5.1.** се предава на правно лице регистрирано за откуп и промет на отпаден материјал каде се врши ништењето со хемиско разградување или горење на следниот начин:

- хемиското разградување на хартија подразбира уништување на одбраниот документарен материјал за уништување со примена на хемиски средства кои ја разбиваат отпорноста на сврзните влакна на материјалот. Материјата од пулпата треба да се распадне и да се дефибрира (да се разградат влакната) за да не може да се реконструира како препознатлива информација,

- горењето подразбира уништување на одбраниот документарен материјал за уништување во печки за горење (горилници) кои треба да овозможат прифаќање на затворени вреќи или кутии со одбраниот документарен материјал за уништување. Остатоците од согорениот материјал (пепелта) не треба да содржат препознатливи делови од уништениот документарен материјал.

При користење услуги на други правни лица за отстранување и уништување на одбраниот документарен материјал за уништување:

• претставникот од правното лице основано од државата или од општините, градот Скопје и општините во градот Скопје кој присуствува на уништувањето на одбраниот документарен материјал за уништување треба да поседува соодветен безбедносен сертификат за физичко лице;

• приватното правно лице во кое се уништува одбраниот документарен материјал за уништување треба да поседува соодветен безбедносен сертификат за правно лице, а претставникот кој присуствува на уништувањето треба да поседува соодветен безбедносен сертификат за физичко лице.

За транспортот на класифицираните документи до местото за уништување имателот може да побара асистенција од придружба на овластени униформирани лица на МВР, согласно проценетиот ризик по безбедноста на документите при транспорт, имајќи ги притоа предвид обемот и степенот на класификација на документите за уништување.

**5.2.** се ништи кај имателот (Судот) согласно постапката утврдена во *Решението за ништење податоци собрани со ПИМ*, донесено од СПП, со шредирање или ситнење на хартијата и медиумите со електронски материјал со помош на машина за сечење хартија (сецкач/шредер).

- Кога се користи машина за сечење хартија (сецкач/шредер) како механизам за уништување на класицифирани информации со степен „строго доверливо – СД" и повисоко, површината на исфрлената честичка не треба да биде поголема од 5 мм2, односно типот на сецкачот/шредерот треба да биде LEVEL 7.

- За информации класифицирани со степените „интерно – И" и „доверливо – Д", како и на информациите со ознака „за ограничена употреба – ОУ", површината на исфрлената честичка не треба да биде поголема од 10 мм2.

- Машината за сечење треба да биде со вкрстено сечење со цел да се осигура дека уништените информации се неповратни. Машината треба да има капацитет за рачно управување за да може да се осигура дека материјалот нема да остане неуништен во машината што работи.

- Кога машината за сечење не ги исполнува овие барања, сечканиот отпад се собира од страна на безбедносно проверен персонал и дополнително се уништува со користење на метод или процес кој обезбедува дека неовластен персонал нема да има пристап до сечканиот отпад сè додека истиот не биде во состојба од која нема да може да се реконструира.

**6.** За ништењето се изготвуваат:

- *Пописна листа на уништениот материјал со степен на класификација* (**Прилог - Образец бр. 3.6**),

- *Записник за извршено ништење податоци собрани со ПИМ* (**Прилог - Образец бр. 3.7**), за во судска архива.

Сите овие документи кои се поврзани или произлегуваат од ништењето на податоците собрани со ПИМ се евидентираат во посебна деловодна книга од тековната година со назнака за трајно чување.

**НАПОМЕНА:** Кривичните предмети се уништуваат согласно начинот предвиден во Судскиот деловник, освен доказите прибрани со посебни истражни мерки.

**Шематски приказ**

## Процес на одобрување и спроведување ништење податоци собрани со ПИМ по службена должност од страна на судот



**Образец бр. 3.1 – Барање од судијата за ништење податоци собрани со посебни истражни мерки до претседателот на судот**

Република Северна Македонија
Основен суд ________________
___СУ бр. _____/_____
_____________

**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**ОСНОВЕН СУД —**

Врз основа на чл. 267-а ст. 3 од Законот за кривична постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018, Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 2/2016 од 28.09.2016, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 193/2016) судијата — од Основниот суд — поднесува

**Б А Р А Њ Е**

за ништење податоци собрани со ПИМ

- за податоците прибавени врз основа на Наредба на Основен суд —КОК ПП/ УОСК бр. —врз основа на кои е спроведена посебна истражна мерка од чл. 252, ст. 1, т. 1-12 од ЗКП, за што се доставени следните Извештаи за спроведување на истата и тоа:
- Извештај СД бр. —од Правосудната полиција —
- Посебен Извештај СД бр. —од Правосудната полиција —, со прилози ЦД и транскрипти со реден бр. —
- кои се определени по Барање за донесување Наредба за определување посебна истражна мерка КОИМ ОСК бр. —/КОИМ бр. —на Основното јавно обвинителство —, во рамките на предметот бр. —против повеќе лица за кривични дела—

**О б р а з л о ж е н и е**

Основното јавно обвинителство —во рамките на предметот бр. —до Основниотсуд —поднесе Барање за донесување Наредба за определување посебна истражна мерка — од чл. 252, ст. 1, т. 1-12 од ЗКП, по што Основниот суд —донесе Наредба УОСК бр. / КОК ПП бр. или КПП бр. —и по спроведувањето на посебната истражна мерка од страна на Правосудната полиција —до Основното јавно обвинителство —се доставени следните Извештаи за спроведување на посебната истражна мерка:
-
-
-

Во текот на постапката се утврди дека согласно чл. 267-а, ст. 3 од ЗКП, се исполнети условите за ништење на податоците собрани со ПИМ.
Имено, судијата —по проучување на сите правни и фактички прашања во овој кривичен предмет, имајќи ги во предвид и роковите од чл. 267-а, ст. 3 од ЗКП, наоѓа дека постојат услови за спроведување на постапката за ништење на податоците, поради што го поднесува ова Барање до Претседателот на Основен суд —,со пописна листа во прилог.

Судија

______________________________

**Образец бр. 3.2 – Попис на материјалот за уништување**

**ПОПИС НА МАТЕРИЈАЛ ЗА УНИШТУВАЊЕ**

Назив на имателот на материјалот ______________________________________

| Реден број | Година од која потекнува | Архивски знак | Сумарен опис по видови документарен материјал | Количина |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е:

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

НАПОМЕНА: Во предложениот материјал за ништење, се потврдува дека нема архивски материјал.

Потпис на функционерот
што раководи со органот,
односно одговорното лице
во правното лице

М.П.

______________________________

Присутни лица:

1. ____________________
2. ____________________
3. ____________________

**Образец бр. 3.3 – Преглед на лица коишто пристапиле до класифицирани информации со степен ДТ или СД**

**ПРЕГЛЕД**
**на лица коишто пристапиле до класифицирани информации со степен ____________________**
**(ДРЖАВНА ТАЈНА или СТРОГО ДОВЕРЛИВО)**

| Реден број | Назив на материјалот | Степен на класификација, деловоден број, датум | Начин на прием | Кој е запознаен име и презиме, датум/потпис | Кога е вратен, име и презиме, датум/потпис | Потврдува, име и презиме, датум/ потпис | Препратено до |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

**Образец бр. 3.4 – Одлука од претседателот на судот за определување судија за ништење податоци собрани со посебни истражни мерки**

Република Северна Македонија
Основен суд ___________________
_____СУ бр. _______/_______
_____________
Скопје

Претседателот на Основниот суд ___________________, ___________________, врз основа на чл. 88 од Законот за судови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/06, 35/08 и 150/10), чл. 13 и 376 од Судскиот деловник („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/13 и 114/14)и чл. 267-а од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018, Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 2/2016 од 28.09.2016, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 193/2016), на __________ година, донесе

**О Д Л У К А**

Се определува судијата ________________за спроведување на ништење податоци собрани со посебни истражни мерки.

**О б р а з л о ж е н и е**

Претседателот на Основен суд ________________на _______година донесе Одлука за определување судија на претходна постапка за ништење податоци собрани со посебни истражни мерки.

Врз основа на чл. 267-а, ст. 7 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018, Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 2/2016 од 28.09.2016, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 193/2016), ништењето на податоците го врши судија определен од претседателот на судот каде што е водена кривичната постапка во која се користени тие податоци.

За извршеното ништење, согласно чл.267-а од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018, Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 2/2016 од 28.09.2016, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 193/2016), судијата _____________да изготви извештај за во судска архива.

Претседател
на Основниот суд

______________________________

**Образец бр. 3.5 – Решение за ништење податоци собрани со посебни истражни мерки**

Република Северна Македонија
Основен суд ___________________
_____СУ бр. _______/_______
_____________

Врз основа на чл. 267-а, ст. 5 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018, Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 2/2016 од 28.09.2016, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 193/2016), судијата на претходна постапка ___________________ на ______________година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
за ништење податоци собрани со посебни истражни мерки

Податоците собрани со посебни истражни мерки наведени во Пописот на документарниот материјал за ништење бр. _______ од _______ ќе се ништат на _________ година, во време ___________, во ___________ место, а согласно Законот за класифицирани информации, Уредбата за административна безбедност, Уредбата за информатичка безбедност и Насоките за начинот на отстранување и уништување класифицирани информации и информации со ознака „за ограничена употреба – ОУ" во хартиена форма, донесени од Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, 02-25/1 од 09.01.2024 година, ништењето ќе се изврши на следниот начин:_________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________

**О б р а з л о ж е н и е**

Судијата на претходна постапка __________до Претседателот на судот на _________ година поднесе Барање за ништење податоци собрани со посебни истражни мерки бр. ___. Постапувајќи по Барањето, Претседателот на судот донесе Одлука со која определи надлежен судија на претходна постапка за спроведување на ништење податоци собрани со посебни истражни мерки бр. ___.

Податоците собрани со посебни истражни мерки се наведени во Пописот на материјалот за уништување бр. _____од ______година.

Врз основа на погоре изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Основен суд ________, бр. ___од ______година

Судија на претходна постапка __________________

**Образец бр. 3.6 – Пописна листа за уништени документи со степен на класификација**

**ПОПИСНА ЛИСТА**
**за уништени ________национални________документи**
(национални, НАТО, ЕУ, странски)

**со ______________________________________________________за ______година**
(степен на класификација ДТ/СД/Д/И или ознака ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА)

| Реден број | Назив на документот, назив на создавач | Степен на класификација или ОУ, број/датум на документот од создавачот | Деловоден број, датум на прием на документ | Архивски знак | Количина | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |

Присутни лица:

1. ______________________________
2. ______________________________
3. ______________________________

**Образец бр. 3.7 – Извештај / Записник за извршено ништење податоци собрани со посебни истражни мерки**

**ИЗВЕШТАЈ / ЗАПИСНИК**
**за извршено ништење податоци собрани со посебни истражни мерки**

Согласно чл. 267-а, ст. 8 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018, Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 2/2016 од 28 септември 2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 193/2016), со оглед дека се исполнети законските услови утврдени во чл. 267-а, ст. 3 од ЗКП, во ______________, во присуство на следните лица:______________________________________________________________ ______________________, се изврши ништење на следните податоци собрани со посебни истражни мерки:

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

Ништењето започна на _________ година во _______ часот.

Со овој извештај / записник се потврдува дека документите содржани во Пописната листа за уништени документи во наведената количина се уништени во ______________________. Начинот на кој документите беа уништени беше ______________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

Ништењето заврши на __________ година во _____ часот.

За извршеното ништење е создадена фото-документација од страна на __________ од Правосудната полиција, кој е составен дел на овој извештај / записник и се чува во Основниот суд __________.

Извештајот / Записникот е составен на __________ година во __________ од страна на __________ во 3 примероци кои се доставуваат до Судот, ЈО и Правосудната полиција.

Присутни лица на ништењето:

1. ________________________________________
2. ________________________________________
3. ________________________________________
4. ________________________________________
5. ________________________________________

Судија на претходна постапка

______________________

ДН:
- Судот
- ЈО
- Правосудната полиција